MACEDONIAN CENTRE FOR EUROPEAN TRAINING

MCET

ЈАНУАРИ 2010

БРИФ ЗА ЈАВНА ПОЛИТИКА

# СЛЕДЕЈЌИ ГО ЛИДЕРОТ: ПЕТАР ПАН ИЛИ РЕАЛНОСТ

## СОДРЖИНА


I Вовед

II Остатоците од Лисабонскиот договор/ Лисабонската стратегија

III ЕУ како глобален играч

IV Кој се плаши од Западен Балкан?

V Македонија во меѓупросторот

VI Замките на надворешната политика на ЕУ

VII Ти мене, јас тебе!

VIII Заклучоци и препораки


## РЕЗИМЕ


Овој документ аргументира дека Македонија ѝ припаѓа на Европската унија – не само географски, туку и политички. Државите-членки на ЕУ не смеат да ги заборават ветувањата дадени на државите од Западен Балкан, ниту нивниот витален интерес за долготрајна стабилност на регионот, и покрај фрагментираните интереси на некои држави-членки на ЕУ (Средна и Источна Европа е наклонета кон Источното партнерство, додека Франција и медитеранските земји кон Медитеранската унија). Последователно на тоа, земјите од процесот за стабилизација и асоцијација трошат премногу време на стабилизацијата и одвај одвојуваат момент за да се фокусираат на асоцијацијата. Најлош случај меѓу нив е Македонија, која веќе пет години е во чистилиштето. Таквата незавидна ситуација станува крајно неиздржлива. Потребна е итна акција, бидејќи сите изговори одамна паднаа во вода со стапувањето во сила на Лисабонскиот договор.

На тимското претседателство му требаат директни резултати за да докаже дека ЕУ може да биде веродостоен глобален играч, како што им вети на европските граѓани. Македонскиот случај би можел да послужи како катапулт за испорака на тоа ветување.

Овој бриф за применета политика ќе се фокусира на приоритетите на шпанското претседателство, билатералните односи меѓу Европската унија и Република Македонија по декемврискиот самит на шведското претседателство[1] и идниот развој на односите во рамките на тимското претседателство. Освен тоа, особено внимание ќе се посвети на односите и на потенцијалот за стратегиско партнерство меѓу Шпанија и Македонија, во светлината на пристапувањето во ЕУ.

Шпанија е пример за држава-членка на ЕУ која се трансформираше во демократија преку процесот на пристапување во ЕУ. Од нејзиното пристапување во 1986 година, Шпанија направи тешко полукружно свртување и воведе демократски систем „обединета во својата различност". Искористувајќи ги сите можности што ги даваат структурните и кохезионите фондови и учејќи ја лекцијата преку преговорите, Шпанија успеа да стане осмата најбрзорастечка економија во светот и членка на групата Г-20.

Разбирајќи ги приодите на Обединетото Кралство и на Шведска (за проширување, но без натамошно продлабочување на заедничките политики), како и приодот на Франција и на Германија (за продлабочување, но без натамошно проширување), Шпанија е мостот меѓу двата екстрема. Во моментов, Шпанија е најголемата држава-членка која отворено се застапува и за проширување и за продлабочување на европската интеграција.

На 1 јануари 2010 година, Шпанија по четврти пат го презеде претседателството со Европската унија[2]. Сепак, ова е прввпат во историјата на ЕУ и на Шпанија да се иницира тимско претседателство, и тоа заедно со Белгија и со Унгарија, онака како што е предвидено во Договорот од Лисабон.

*__Македонскиот центар за европско образование__ (МЦЕО) е невладина и неполитичка организација со членство, основана во декември 2002 година од страна на 26 обучувачи за ЕУ, сертифицирани од InWEnt од Бон и од Институтот за европски политики од Берлин, Сојузна Република Германија. Мисијата на МЦЕО е да го поддржи пристапувањето на Република Македонија во ЕУ, преку професионална обука, консултации, регионална соработка, креирање на политики и застапување.*

*Од своето основање, МЦЕО испорача повеќе од 600 дена обука на различни ЕУ теми за повеќе од 3.600 учесници од јавната администрација, медиумите, граѓанските организации, судии и обвинители, членови на политичките партии, општински администрации, итн.*

*Во последниве 3 години, МЦЕО го смени својот фокус од институт за обука кон think-tank организација, во надеж дека ќе го ублажи очигледниот недостиг од експертиза во земјата на полето на креирањето на политиките во линија со ЕУ. Последните објавени документи за применета политика вклучуваат: „Лисабон-Скопје-Солун: пет причини зошто Македонија треба да ги почне преговорите", "Осумте репери – ден потоа"; „Еден Совет, малку пари и многу пријатели"; „На патот кон ЕУ – мониторинг на спроведувањето на директивите за еднакви можности во Југоисточна Европа", итн.*

*МЦЕО спроведува и мониторинг на пристапувањето на РМ во ЕУ и досега има изготвено 4 извештаи што можат да се симнат од нашиот веб-сајт.*

*Во последните 2 години, МЦЕО работи со медиумите во насока на подобрување на известувањето за процесот на пристапување на Македонија.*

1 Самитот се одржа на 7 декември 2009 година.

2 Шпанија претседаваше со ЕУ во 1989, 1995 и во 2002 година.

## Остатоците од Лисабонскиот договор /Лисабонската стратегија

Новиот Реформски (Лисабонски) договор стапи во сила на 1 декември 2009 година и се совпадна со крајот на шведското и почетокот на шпанското претседателство. Соодветната имплементација (на Договорот) и идниот развој (на Стратегијата) се високо на агендата на шпанското претседателство. Во согласност со постојните околности и имајќи го на ум ефектот на економската криза врз растот и отворањето работни места во сите држави-членки на ЕУ – особено во Шпанија – сосема е разбирливо тоа што прв приоритет на Агендата на шпанското, белгиското и унгарското претседателство е надминувањето на тековната економска криза преку забрзување на имплементацијата на Лисабонската стратегија[3].

Ваквиот потфат подразбира справување со три директни предизвици: 1) постигнување одржлив економски раст преку поддржување на истражувања и нови технологии, со што државите-членки ќе бидат попривлечни за инвестиции; 2) борба против климатските промени, преку донесување на нов Акционен план за енергија за Европа, изготвен врз основа на Декларацијата од Самитот во Копенхаген, со кој се промовира нискокарбонска економија во државите-членки, и 3) зајакнување на областа за слобода, безбедност и правда, преку нови движечки сили за имплементација на Програмата од Стокхолм и за политиките за азил и миграција, со што ЕУ ќе стане најбезбедното и најдемократско место во светот. На овие европски вредности и стандарди се гледа како на камен-темелници за идниот глобален развој.

Шпанија, како држава-членка, претпочита ЕУ *„да го каже своето мислење глобално и да промовира заеднички вредности на мир и безбедност”*[4]. Владата од „Монклоа“ (седиште на Владата и резиденција на премиерот на Шпанија) на претседателството со ЕУ гледа како на одлична можност да се промовира себеси како важен играч во надворешните односи. На глобална сцена, Шпанија може да биде повлијателна кога дејствува под закрилата на ЕУ и кога е дел од решението на проблемите во светот - *„...оттука, нашето (шпанското) претседателство ќе биде видиливо европско, преку отворено демонстрирање на европскиот општествен сензибилитет“* [5]

## ЕУ како глобален играч

Трите истовремени претседателства ќе работат заедно на промоцијата на ЕУ како глобален играч, што лежи во срцето на Лисабонската стратегија. Планот за акција, презентиран од страна на повторно избраниот претседател на Европската комисија Жозе Мануел Баросо, се залага за нискокарбонска економија, за отворање зелени работни места, одржливост и поголема социјална кохезија. Шпанското претседателство треба да го вклучи погонот на таа машина.

Неуспехот на Конференцијата од Копехаген – 15, со кој се демонстрираше недостиг на лидерство од страна на ЕУ во однос на прашањата поврзани со климатските промени, како и новата Лисабонска стратегија 2020, ја наметнуваат потребата за склучување мултилатерални договори во рамките на Обединетите нации. Шпанија ќе нема друг избор освен да се справи со овие неврзани краеви. Освен премостувањето на празнината меѓу крајот

---

[3] Насоки за активностите на шпанското претседателство со Европската унија во 2010 година, донесени на Советот на министрите на 23 јануари 2009 година - http://www.la-moncloa.es

[4] Веб-сајт на шпанската Влада за ЕУ работи; *Зборуваме за Европа* http://www.hablamosdeeuropa.es/secciones/paginas/Noticia1.aspx

[5] Ibid 6

на првиот период за постигнување сообразност со Кјото протоколот 2008–2012 и стапувањето во сила на новиот договор, оваа акција ќе го олесни создавањето на новото лидерство на ЕУ на глобалната сцена.

Освен големите очекувања што треба да се испорачаат на глобално ниво, зајакнувањето на добрососедските односи со медитеранските земји отсекогаш било во срцето на надворешната политика на Шпанија. Во однос на проширувањето, Шпанија ќе треба да се фокусира на можното пристапување на Хрватска, да даде нова движечка сила во пристапувањето на Турција и да ги почне преговорите за пристапување со Македонија. Дали шпанското претседателство има капацитет и одлучност за успешно да ги изжонглира овие прашања на надворешната политика?

## Кој се плаши од Западен Балкан?

Односите со државите од Западен Балкан се заглавени поради многу сложениот пакет проблеми. Сите земји имаат отворени прашања – или со ЕУ или една со друга. Македонија го има спорот за името со Грција и признавањето на црквата со Србија; Србија се бори со косовското прашање, паралелно со она поврзано со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија; Црна Гора и Хрватска се обидуваат да го решат прашањето за границата кај Превлака; Албанија, исто така, има проблем со Грција, а Босна и Херцеговина и Косово имаат проблеми поврзани со државотворноста.

Сепак, ЕУ е сè уште неодлучна да се впушти во олеснување на решенијата за овие проблеми. Дали овие билатерални проблеми се потешки од она со што ЕУ се справила во минатото? Дали претходниот комесар за проширување, Оли Рен, беше во право кога рече: *„Некој може да каже дека ова не е ништо ново во историјата на проширувањето на ЕУ. Отсекогаш постоеле прашања како што се прекуграничното загадување или нуклеарна централа во близина на држава-членка. Сепак, кога станува збор за државите од Западен Балкан зборуваме за таканаречени „врели костени“ на билатералната надворешна политика – отворени проблеми со границата, негирање на државноста, идентитетот, националноста или религијата на соседот*“[6].

Колку и да се тешки овие проблеми, ЕУ не може да продолжи да се преправа дека тие не постојат, и во исто време да се обиде да биде веродостоен глобален играч. Државите од Западен Балкан веќе не можат да се третираат како блудниот син на Европа. Факт е дека Западен Балкан – задниот двор на Европа[7] – треба веднаш да се исчисти! Дали Шпанија може, во најмала рака, да обезбеди метла?

## Македонија во меѓупросторот

Во декември 2005 година Македонија го доби статусот на земја-кандидатка. Комисијата изјави дека *„земјата е на добар пат да ги исполни политичките критериуми утврдени на Европскиот совет во Копенхаген во 1993 година и Процесот на стабилизација и асоцијација*”[8].

По четиригодишен статус на земја-кандидатка за членство во ЕУ, Македонија конечно доби позитивна оценка од Европската комисија бидејќи *„земјата ги исполни обврските преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, го консолидираше своето демократско работење и ја загарантира стабилноста на институтциите кои обезбедуваат владеење на правото и почитување на*

6 Оли Рен, ЕУ комесар за проширување, Лекции од проширувањето на ЕУ за нејзината идна надворешна политика, *Центар за европски политики*, Брисел, 22 октомври, 2009 година.

7 Комесарот Рен, во своето обраќање пред Центарот за европски политики, во Брисел на 22 октомври 2009 година, ги даде следниве размисли: *„Да ви поставам прашање на совеста: дали во вашето градско собрание би избрале некој чијшто двор е неуреден? По истата логика, кредибилитетот на ЕУ како глобален актер се истакнува или паѓа во вода според нашата способност да го оформиме сопственото соседство.“*

8 Мислење на Европската комисија, декември 2005 година.

*фундаменталните права, а земјата во голема мера ги постигна клучните приоритети од Пристапното партнерство“*”[9]. Затоа, Комисијата препорача Македонија да помине во втората фаза од пристапувањето[10].

Декемврискиот самит на шведското претседателство не го донесе посакуваното отворање на пристапните преговори. Сепак, читајќи го заклучокот со конкретните формулации: „*Советот прими на знаење дека Комисијата дава препорака за отворање на пристапните преговори со поранешната југословенска Република Македонија и на ова прашање ќе се врати во текот на следното претседателство*“[11], не може да се одрече дека тој е позитивен кога станува збор за Македонија. Советот се обврза да се врати на ова прашање за време на следното, т.е. шпанското претседателство. Овој факт е признат и од страна на претседателот на Владата на Кралството Шпанија, г. Хозе Луиз Родригез Запатеро, во неговото обраќање пред шпанскиот Парламент во врска со приоритетите на шпанското претседателство со ЕУ[12], и потврден од заменик-шефот на Мисијата на Амбасадата на Кралството Шпанија во Македонија, г-ѓа Марија Анхелес Гарсија де Лара[13].

Откако Македонија ќе добие зелено светло за отворање на пристапните преговори, Комисијата ќе го почне бирократскиот процес на длабинско скенирање и изготвување на Заедничките преговарачки позиции на ЕУ. Шпанското претседателство ќе треба да ја поттурне сета работа и, се надеваме, елаборацијата на заедничките преговорачки позиции ќе се случи за време на шпанското претседателство. Нема сомнеж дека Шпанија го поддржува процесот и нејзиниот слободен амбасадор задолжен за проектите за Европска интеграција, г. Карлос Карнеро Гонзалес, не гледа објективна пречка за пристапувањето на Македонија. Кон крајот на ноември 2009 година, во Мадрид на пред-претседателската конференција организирана од страна на Кралскиот институт ЕЛКАНО, во рамките на ТЕПСА, тој изјави:

*„Иднината на Македонија е во ЕУ. Нема алтернативно сценарио, нема план Б. Македонија ќе ги отвори пристапните преговори и по нивното завршување Македонија ќе стане држава-членка на ЕУ.“*

## Замките на надворешната политика на ЕУ

Шпанија е најголемата држава-членка која е за проширување и за продлабочување на интеграциите. Шпанија многу инвестираше во стабилноста на Балканот, особено во неговата обнова[14]. Имајќи на ум дека државите од Западен Балкан минуваат низ тежок процес на демократизација, а децентрализацијата се смета за најдобар

---

[9] Комуникација на Комисијата до Европскиот парламент и до Советот COM (2009) 533, Стратегијата за проширување и главните предизвици 2009–2010, страници 12-13.

[10] Врз основа на членот 5 од Договорот за стабилизација и асоцијација.

[11] Заклучоци на Советот за процесот на проширување/стабилизација и асоцијација – Совет за општи работи, Брисел, 7–8 декември 2009 година; http://www.se2009.eu/polopoly_fs/1.27005!menu/standard/file/111830.pdf

[12] Специјално појавување и обраќање на Претседателот на Владата пред форумот на Конгресот на пратениците и Сенатот на шпанскиот Парламент, за да ги објасни Заклучоците на Европскиот совет и да ги претстави приоритетите на шпанското претседателство со Советот на Европската унија во првата половина на 2010 година http://www.eu2010.es/comun/descargas/noticias/Conferencia_Zapatero_161209.pdf

[13] Изјава дадена за дневниот весник „Дневник“ на 19 декември 2009 г; http://www.dnevnik.com.mk/default-mk.asp?ItemID=D24B7C995D71844FA0022317F97DAA75&arc=1

[14] Интервју со г-ѓа Марија Анхелес Гарсија де Лара, заменик-шеф на Мисијата при Амбасадата на Кралството Шпанија, објавено во дневниот весник „Дневник“ на 30 јануари 2010 година. Г-ѓа Гарсија де Лара вели: „Шпанија учествува во проектот за подобрување на хидроцентралата „Лера“, финансирано преку ФАД (развојна помош) во износ од 6.879.659 евра. На економско ниво, реномираните шпански компании покажале зголемен интерес за инвестирање во Македонија, особено на полето на енергетиката и инфраструктурата.“

инструмент за демократизација, шпанската сложена уставна и организациска структура[15] може да послужи како модел за олеснување на тој процес. Последниве години Шпанија е многу присутна во Србија. Оваа видливост би можела да стане регионална. Во минатото, интеграцијата во ЕУ се покажа како најдобра алатка за стабилизација на регионот. Потребно е натамошно олеснување на процесот, бидејќи секое одложување дава простор и време за различни незгоди коишто можат однатре да го уништат процесот. Шпанија може да ја ревидира својата улога и да го протурка проширувањето погоре на агендата на тимското претседателство, и тоа преку конкретни акции.

Неодамнешното спојување на портфолиото за проширување и политиката на соседството во новопредложениот состав на Европската комисија може уште повеќе да ја одложи интеграцијата на регионот. Пристапувањето на државите од Западен Балкан може да се чини *полесен* орев за кршење од техничка гледна точка[16], но од политичка гледна точка, ЕУ покажа дека зема поголем залак од она што може да го проголта. Освен тоа, повеќето државичленки на ЕУ од Средна и од Источна Европа отсекогаш имале личен интерес во зајакнувањето на односите со источните соседи. Имајќи го предвид она што овие земји го ставаат на маса, може да се очекува дека процесот на пристапување во ЕУ за време на мандатот на новата Комисија ќе се смени на штета на пристапувањето на државите од Западен Балкан.

[15] Административната организација на Кралството Шпанија ја сочинуваат 17 автономни заедници со широка автономија. Освен Шпанците, во земјата живеат и луѓе со силни национални чувства, коишто зборуваат кастилјански, каталонски, галициски и баскиски.

[16] По големото проширување од 2004 година, и пристапувањето на Романија и Бугарија во 2007 година, ГД за проширување имал значително помалку работа во однос на пристапувањето на државите од Западен Балкан и Турција, па оттука заклучокот/мислењето за помало портфолио за проширување.

## Ти мене, јас тебе!

За Македонија, на нејзиниот пат кон членство во ЕУ, сета помош е повеќе од добредојдена. Во последниов период сме сведоци на голем број европски лидери коишто на Македонија ѝ нудат помош за решавање на нејзиниот најголем проблем[17]. Иако нема многу сличности меѓу двете земји, постојат голем број научени лекции што Македонија може да ги земе и директно да ги примени.

Билатералните односи меѓу Шпанија и Македонија не се оптоварени со ниту едно отворено прашање. Обете земји страдаат од преоптоварени дипломатски служби кои не се соодветно поддржани со персонал, финансиски средства и опрема. Ниту Шпанците не покажуваат посебен вистински интерес за Македонците, ниту пак Македонците се свесни за тоа колку можат да научат од шпанското искуство. Потребни се повеќе напори за унапредување на билатералната соработка на сите нивоа – култура, образование и граѓанско општество – коишто би можеле да го подобрат имиџот на Македонија во Шпанија и да ја промовираат Шпанија како модел на општество во Македонија.

Шпанските компании не покажале интерес за државите од Западен Балкан. Иако не постојат посебни причини зошто шпанските претприемачи не би биле заинтересирани за инвестирање на македонскиот пазар, каде што постои очигледна економска можност, традиционално, тие главно се фокусирани на Латинска Америка, Мароко и Западна Европа. Ако паметно се искористи за да се вклучи и во регионот на Западен Балкан, овој фокус би можел да се прошири и да биде корисен за сите, и тоа преку

[17] Борут Пахор, премиер на Словенија; Борис Тадиќ, претседател на Србија; Михаел Шпинделегер, министер за надворешни работи на Австрија; Александар Стуб, министер за надворешни работи на Финска, па дури и името на Хавиер Солана, поранешен висок претставник на ЕУ за ЗНБП и генерален секретар на Советот беа дискутирани во последно време.

поврзување на регионот со Латинска Америка и Сахарска Азија.

За да се прошират хоризонтите, треба да се поправи погрешната перцепција на креаторите на јавното мислење во Шпанија во врска со проширувањето кон Западен Балкан и негативните ефекти на истото врз Медитеранската унија. Проширувањето кон Западен Балкан и медитеранското патнерство се два паралелни процеса коишто би можеле да се надополнуваат, доколку со нив се управува во вистинска насока. Македонија можеби не излегува на Медитеранот, но нејзините директни рути водат до Медитеранот и таа е под силно влијание на работите што се случуваат во поширокиот регион. На пример, последните истражувања на полето на дезертификацијата (создавањето пустини) покажува дека источниот дел од Македонија може да ја доживее судбината на Јужна Шпанија. Фактот дека Македонија е мала земја којашто страда од истиот проблем како и Шпанија, може да и даде можност да произведе директни резултати и да ги покаже своите лидерски вештини во борбата против климатските промени. Медитеранската унија и Јужната оска на ЕУ ќе се зајакнат со пристапувањето на Македонија, со што Шпанија ќе има уште еден сојузник за одбрана на своите позиции внатре во ЕУ.

Освен учењето на основите од европеизираното шпанско општество[18], Македонија може да даде свој придонес со своите научени лекции кога станува збор за надминувањето на проблемите. Проблематичните билатерални односи не се екслузивни само за Македонија. Шпанија има отворено прашање со Обединетото Кралство за Гибралтар. Сметањето на *Каменот* за интегрална територија на Кралството Шпанија сѐ уште доведува до проблеми во преговорите во ЕУ. Европската унија е, пред сѐ, политичка унија и ги научи државите-членки како да ги стават настрана проблемите кога е во прашање заедничкиот интерес, и тоа без да го користат механизмот за вето како последно средство. Ако ѝ се даде шанса, Македонија може да придонесе во градењето консензус, а Охридскиот рамковен договор е доказ за тоа.

Не само внатрешно, туку и на билатерален план, Македонија се покажа како фактор на стабилноста во регионот. Пред неколку месеци, Македонија го потпиша и го ратификуваше Договорот за демаркација на границата со Косово, со што му стави крај на деценискиот билатерален проблем. Ова ја прави Македонија првата и единствена земја од регионот без отворено прашање за границата, а со тоа и пример за решавање на осетливите прашања. Она што е поважно е дека Македонија може да биде извор на безбедност во регионот.

## Заклучоци и препораки

Овој документ аргументира дека Македонија ѝ припаѓа на Ервопската унија – не само географски, туку и политички. Државите-членки на ЕУ не смеат да ги заборават ветувањата дадени на државите од Западен Балкан, ниту нивниот витален интерес за долготрајна стабилност на регионот, и покрај фрагментираните интереси на некои држави-членки на ЕУ (Средна и Источна Европа се наклонети кон Источното партнерство, додека Франција и медитеранските земји се наклонети кон Медитеранската унија). Последователно на тоа, земјите од процесот за стабилизација и асоцијација трошат премногу време на стабилизација и одвај издвојуваат момент за да се фокусираат на асоцијацијата. Најлош случај меѓу нив е Македонија, која веќе пет години е во чистилиштето. Таквата незавидна ситуација станува крајно неиздржлива. Потребна е итна акција, бидејќи сите изговори одамна паднаа во

[18] Во последниот век, Шпанија повеќе од 40 години беше управувана со диктаторски режим и беше сведок на воен удар. Таа е пример за изолирана земја која успеала да ја смени својата судбина со пристапувањето во ЕУ.

вода со стапувањето во сила на Лисабонскиот договор.

На тимското претседателство му требаат директни резултати за да докаже дека ЕУ може да биде веродостоен глобален играч, како што им вети на своите европски граѓани. Македонскиот случај би можел да послужи како катапулт за испорака на тоа ветување. Оттука, засегнатите страни треба да ги преземат следниве акции:

### 1. За Шпанија:

а) Шпанија треба да ја преиспита својата позиција кон земјите од Балканот, преку поголема вклученост во регионот и со ставање на државите од Западен Балкан високо на својата агенда.

б) Шпанија треба да го зајакне своето дипломатско претставништво во Скопје, од аспект на човечки и финансиски ресурси. Вака консолидираното претставништво би требало да работи на унапредување на односите меѓу двете земји.

в) Шпанското претседателство треба да го стави на агендата отворањето на пристапните преговори со Македонија и да ги искористи добро развиените односи со Грција за, во најмала рака, да го почне процесот на длабинско скенирање.

### 2. За Европската унија:

а) Советот треба да ги разгледа неврзаните краеви од шведското претседателство, да даде препорака за датум за започнување на пристапните преговори со Македонија и да ја задолжи Европската комисија со почнување на процесот на длабинско скенирање.

б)Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, бароницата Иштон, треба да се вклучи во спорот меѓу Грција и Македонија, преку задолжување на Европската комисија да изготви репери според кои ќе се мери напредокот постигнат во преговорите коишто се однесуваат на спорот со името меѓу овие две земји.

в)Советот на ЕУ треба да изготви мапа со крајни датуми за пристапување на земјите од Западен Балкан, со цел да гарантира дека Источното партнерство нема да ја замени агендата за проширување.

### 3. За Македонија:

а)Македонската влада треба да испрати експлицитна порака за постоење на добра волја за решавање на спорот за името со Грција.

б)Македонија треба да го зајакне своето дипломатско претставништво во Мадрид, од аспект на човечките и финансиските ресурси. Вака консолидираното претставништво би требало да работи на унапредување на односите меѓу двете земји.

в)Македонската влада треба да распредели средства за граѓанските организации и за think-tank организациите што ќе го промовираат европскиот имиџ на Македонија во Шпанија (како и во Белгија и во Унгарија), и тоа преку организирање конференции, семинари, заеднички акции, итн.

г)Македонската влада треба да покаже поголем интерес за вклучување во Медитеранската унија.

Стратегиското партнерство изградено меѓу двете земји ќе докаже дека и фламенко може да се игра на звукот на тапаните од „Тешкото“[19], и обратно, и да потврди дека Ортега и Гасет бил во право кога рекол *„ако Шпанија (т.е., Македонија) е проблемот, тогаш ЕУ е решението!“*

[19] Тешкото – традиционално македонско оро.

*МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ*

*„Апостол Гусларот“ 40/2; 1000 Skopje*
*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*Телефон/Факс:*
*+38923217512; +38923217513*

*Е-пошта:*
*mcet@mcet.org.mk*
*Вебсајт:*
*www.mcet.org.mk*